**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01.09.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtese | Вредност Vlere |
| 10 | 3349 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 август 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 септември 2023 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9 август 2023 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица**

Спротивно на член 19 (*аплицирање на предупредувачка сигнализација*) од Правилникот за заштита на малолетните лица, без предупредувачка сигнализација пред почетокот и за време на нивното емитување се емитувани:

**9 август 2023 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| "Магарешка кожа - Македонски народни приказни" - играна програма | 07:34:09 | 08:13:06 |
| "Тројца браќа - Македонски народни приказни" - играна програма | 08:13:06 | 08:34:01 |
| "Sha je be tu folën?!"- серијал | 18:24:32 | 19:08:46 |
| **Опис на прекршувањето:** *Играните програми не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување.* | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 9 август 2023 година, се емитувани повеќе играни програми без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на

приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***